# С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К
## НА ОПШТИНА КРУШЕВО

**10.09.2013 год.** **Бр.VI**


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.гласник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**

***за објавување на актите донесени на шестата седница на Советот на Општина Крушево одржана на ден 06.09.2013 год.***

1.**СЕ ОБЈАВУВААТ** актите донесени на шестата седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 06.09.2013 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-721/1 од 10.09.2013 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**Ѓорги Дамчески, с.р.**

Врз основа на член 10 став 2 алинеја 1 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007), согласно Одлуката за видот, криетриумите, постапката и начинот на доделување на наградата 8-ми Септември, бр.08-164/1 од 02.10.1997 година, Советот на Општината Крушево на седницата одржана на 06.09.2013 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

***за доделување Осмосептемвриска награда за 2013 година***

1. **СЕ ДОДЕЛУВА** Осмосептемвриска награда за 2013 година на:

- Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електро-енергетскиот систем, АД МЕПСО” Скопје, за посебен придонес за развој на општината во областа на унапредување на условите за развој на туризмот и афирмација на Крушево.

О б р а з л о ж е н и е :

Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделување на награди и признанија при Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 03.09.2013 година предложи, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електро-енергетскиот систем, АД МЕПСО” Скопје да биде добитник на наградата 8 -ми Септември како највисоко општинско признание што Општина Крушево ја доделува по повод 8-ми Септември-Денот на независноста на Република Македонија и Денот на ослободувањето на Крушево.

Наградата се доделува во знак за посебен придонес за развој на општината во областа на унапредување на условите за развој на туризмот и афирмација на Крушево, со активностите и инвестициите што ги вложи за унапредување на условите на скијачките терни во Крушево.

Со оглед на изнесеново, решено е како во диспозитивот.

**Бр.07-696/3 од 06.09.2013 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 10 став 2 алинеја 4 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007), согласно Одлуката за видот, криетриумите, постапката и начинот на доделување на признание по повод 8-ми Септември, бр.08-164/1 од 02.10.1997 година, Советот на Општината Крушево на седницата одржана на 06.09.2013 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

***за доделување на признание***

1. **СЕ ДОДЕЛУВА** Признание по повод 8-ми Септември за 2013 година на:

- Невладината организација „ОХО” Скопје, за посебен придонес во развојот и

унапредување на условите во Основните училишта во Општина Крушево.

О б р а з л о ж е н и е :

Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделување на награди и признанија при Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 03.09.2013 година предложи, невладината организација „ОХО” Скопје да биде добитник на признание како награда по повод 8-ми Септември-Денот на независноста на Република Македонија и Денот на ослободувањето на Крушево.

Наградата се доделува во знак за посебен придонес за развој и унапредување на условите во Основните училишта „Никола Карев” и „Св.Кирил и Методиј” во Општина Крушево.

Со оглед на изнесеново, решено е како во диспозитивот.

**Бр.07-696/4 од 06.09.2013 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 10 став 2 алинеја 4 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007), согласно Одлуката за видот, криетриумите, постапката и начинот на доделување на признание по повод 8-ми Септември, бр.08-164/1 од 02.10.1997 година, Советот на Општината Крушево на седницата одржана на 06.09.2013 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
***за доделување на признание***

1. **СЕ ДОДЕЛУВА** Признание по повод 8-ми Септември за 2013 година на:

- Игор Тодевски од Скопје, за посебен придонес во афирмацијата на Општина Крушево во областа на спортот и туризмот со организирање на натпревари и првенства во Праглајдерство.

О б р а з л о ж е н и е :

Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделување на награди и признанија при Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 03.09.2013 година предложи, Игор Тодевски од Скопје да биде добитник на признание како награда по повод 8-ми Септември-Денот на независноста на Република Македонија и Денот на ослободувањето на Крушево.

Наградата се доделува во знак за посебен придонес во афирмацијата на Општина Крушево во областа на спортот и туризмот со организирање на натпревари и првенства во Праглајдерство.

Со оглед на изнесеново, решено е како во диспозитивот.

**Бр.07-696/4 од 06.09.2013 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

С О Д Р Ж И Н А

Ре.бр. стр.
1.Заклучок за објавување на актите донесени на четвртата седница на Советот на Општина Крушево ........................................................... 1
2.Решение за доделување на Осмосептемвриска наград за 2013 година ...................................... 1
3. Решение за доделување признание ............... 1
4. Решение за доделување признание ................2

Редакциски одбор на Општина Крушево.